# FOREVER

MACEDONIA

Април 2018 | Број 198



# НОВ НАЧИН НА ЖИВОТ - МРЕЖНИОТ БИЗНИС

**SUCCESS DAY**

**5.05.2018**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**

## ПРОЦЕСОТ НА ЕВОЛУЦИЈА
**Rex Maughan**

## СЛУШАЈТЕ ГО ВАШИОТ ВНАТРЕШЕН ГЛАС
**Gregg Maughan**



# Слушајте го вашиот внатрешен глас

**Алберт Ајнштајн рекол: „Верувам во интуицијата и инспирацијата. Имагинацијата е поважна од знаењето. Бидејќи знаењето е ограничено, додека имагинацијата го опфаќа целиот свет, го стимулира напредокот, ја раѓа еволуцијата.“**

Дали ве изненади што еден од најбрилијантните умови во човечката историја, и тоа научник, ја фали имагинацијата како нешто поважно од знаењето? Иако е тешко за верување, неопипливите работи како внатрешното чувство играат важна улога во водењето и на нашиот бизнис.

Ајнштајн е познат со тоа дека сонувал свесно и преку своите соништа стигнал до многу од неговите научни теории. Иако интуицијата не звучи како многу практичен пристап за донесувањето на одлуки, бизнис лидерите се свесни колку е важно да ги слушаат нивните внатрешни чувства не само за да ги одведат до успехот, туку и за да оставaт потраен отпечаток врз светот околу себе си.

Рекс често ми ја покажувал моќта на тоа да го слушаш тој внатрешен глас. Интуитивни лидери како него се исклучително добри во многу работи, вклучително во тоа да просперираат кога некој им кажува дека нема да успеат, тие продолжуваат да се водат од својата визија и самоуверено донесуваат одлуки.

Најважната лидерска особина што ја научив од него е – кога треба да носиш одлуки, поставувај ги вистинските прашања и биди сигурен дека можеш да застанеш зад одлуката. Увереноста не се должи на вашата способност да пресметате дали вашата одлука е правилна, или погрешна, иако понекогаш навистина се сведува на тоа. Не, најтешки се одлуките кои треба да ги почувствувате однатре.

Кога Рекс се запознава со мулти-левел индустријата, разбира дека во неа има голем потенцијал. Но допрва му претстои да ја осознае неверојатната моќ на алое вера. Кога трагал по клучниот производ, за кој и не се сомневал дека ќе стане светски феномен, имал сомнежи. Скептиците го обесхрабрувaат и му кажуваат дека нема начин да успее со овој тип на бизнис.

Како сопственик на Форевер бизнис, за вас нема ништо поважно од силната верба. Понекогаш неуспехот е неизбежен. Но, најважниот инстинкт на кој може да се потпрете, е оној кој ви кажува дека го правите точно тоа што треба. Ако можете да ја замислите вашата иднина со оваа дејност, тогаш ќе ја добиете.

2018-та е централна година за брендот Форевер. Додека се подготвуваме да ги споделиме со вас иновациите и новите производи на Глобалното рели, треба да го слушаме внатрешниот глас. Без него немаше да сме тука денес и сигурно немаше да го движиме Форевер напред. Најдете начини да ѝ дадете слобода на вашата фантазија да го инспирира вашиот сопствен бизнис. Слушајте ја вашата интуиција и идните 40 години ќе бидат исто толку возбудливи, колку и изминатите.

Продолжете да се насмевнувате,

**Gregg Maughan**



# Процесот на еволуција

**Дали сте слушнале да кажуваат дека мудроста е правопропорционална на времето? Можеби сте сретнале некого, кој е „мудар за своите години“, или пак човек со знаење кое и вие би сакале да го стекнете, ако располагавте со доволно време.**

Лесно е да се поврзат времето и знаењата – зависноста е очигледна. Повеќе време за учење треба да е еднакво на повеќе научено. Но според мене дури и кај најмудрите одлучувачко е знаењето кое тие го применуваат во пракса. Затоа толку често се вели дека дејствата зборуваат погласно од зборовите.

Одбележувањето на 40 години во бизнисот може за многумина да значи дека сме станале мудри и добро ја познаваме браншата, одгледувањето и производството на алое, развојот на моќен и докажан маркетинг план. Се разбира дека година за година сме добивале сè повеќе знаење за сите овие работи, но да легнеме на нашите ловорики и искуство, би било загуба на целото тоа драгоцено време.

**Секоја мудрост што ја стекнуваме одново ја вложуваме во работата. Секоја научена лекција нè прави посилни. Секој успех за кој сме благодарни, ги насочува нашите следни чекори.**

Една од работите, од кои чувствувам најголема „Форевер-гордост“, е дека како компанија никогаш не се потпиравме само на минатите успеси. Секоја мудрост што ја стекнуваме одново ја вложуваме во работата. Секоја научена лекција нè прави посилни. Секој успех за кој сме благодарни, ги насочува нашите следни чекори.

Размислуваме за нашите производствени можности во перспектива. Не само што учиме од нашето искуство, исто така и знаеме дека стекнувањето на познавања во секоја од овие области може да нè направи само посилни во иднина. Нашиот раководен тим постојано го усовршува маркетинг планот, за да одржуваме современа структура на компензација и да додадеме предности кои се од најголема корист за нашите сопственици на Форевер бизнис.

Промената и движењето напред можат да се случат само кога ќе одделиш време да погледнеш назад и добро да размислиш што си научил – добро или лошо. Тоа важи не само за Форевер, туку и за секој од вас. Го помните ли првиот чек од програмата Chairman's Bonus? Се сеќавате ли како се чувствувавте кога за прв пат се квалификувавте за Глобал рели или станавте Менаџер ОРЕЛ? Сетете сè колку труд вложивте за посакуваната менаџерска значка и за гордиот момент кога ја добивте на сцената.

Овие моменти наизменично се менуваат со другите кога сте доживеале неуспеси, сте се сомневале во себе, тешкотиите ве моделирале. Тие ви дадоа лекции кои инаку не би ги научиле, ви помогнале да станете помудри. Две се патеките по кои може да тргнете со мудроста што ја добивате – кон самозадоволството или кон еволуцијата.

Сме откриле дека не можеме да лежиме на ловориките на изминатите 40 години. Тоа би нè повело по опасната патека кон стагнација во бизнисот и би ја загрозило нашата способност да им помагаме на луѓето во целиот свет да изгледаат и да се чувствуваат подобро. Нема сомневање дека во минатото имало фантастични моменти, голем напредок и успеси, но нема да запреме тука. Наместо тоа, ќе го искористиме наученото како инспирација за следните 40 години во Форевер. Го охрабрувам и секој од вас да го направи истото!

**Засекогаш Ваш,**



**Rex Maughan**




# ALOE VERA GEL™

## СО НАГРАДА ПОТТИК ЗА ЗДРАВЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА

**Секоја година во Скандинавија се продаваат еден милион литри ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА на Форевер Ливинг Продактс и производот неодамна беше наречен  Årets Hälsoboost („поттик за здравје“) на годината на Шведските здравствени награди за 2017 г.**

„За нас е неверојатна гордост и чест“ – вели Фредерик Алерстам, генерален директор на Форевер Ливинг Продактс Скандинавија, иако додава дека не е премногу изненаден.

„Од еден милион литри продавани во скандинавските земји, 350 илјади се во Шведска. Производот е важен за многу луѓе и верувам дека зад сите гласови има искрен ентузијазам и длабоко убедување.“

Жирито на Шведските здравствени награди доби 634 номинации и ги избра најдобрите производи за здравје во 20 категории. Јавноста беше поканета да гласа за омилените производи. Беа дадени вкупно 35 549 гласови.

Aloe Vera Gel™ е додаток во исхраната во течна форма и се продава во светот од основањето на компанијата во 1978 г. Денес Форевер Ливинг е најголемиот светски преработувач, производител и дистрибутер на производи од алое вера.

„Алое вера е скапа состојка и за жал ова е причината што обично ја наоѓаме дури на крајот на списоците на етикетите на повеќето производи на пазарот. Човек треба да внимава и да избира производи во кои алое вера е помеѓу првите состојки или во идеален случај, на прво место. Алое вера му служи на човекот со илјадници години. Многу други состојки доаѓаат и си одат, се здобиваат и губат популарност, а алое вера продолжува да ја држи својата силна позиција,“ заклучува Алерстам.



# Добриот пример ги прави луѓето жедни за успех



*СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ*

**Дали знаете каква е разликата меѓу Северна Кореја и Илон Маск? Маск лансирал само по една ракета годишно...**

Оваа шега не успеа да нѐ насмее, но сепак нѐ натера да размислуваме за нешто во нашиот Форевер бизнис – и тоа нема никаква врска со Северна Кореја, ви гарантираме

**Станува збор за она што го прави еден човек успешен – што го прави фигура во која веруваме и се потпираме.**

Речиси сѝ имавме одговорено, кога– разлистувајќи го овој број на вашиот верен Форевер помошник, дојдовме до страницата на Грег. И забележувајќи го таму името на Ајнштајн, како на дланка видовме како работата на славниот физичар оставила траги во толку многу сфери во нашиот живот. Како неговата инспирација има огромно влијание врз толку многу животи. И по истиот пат сега оди 46-годишниот Маск.

Точно е дека се многу различни, воедно живееле во различни епохи, но има нешто што ги обединува – тие се визионери. Тие имаат јасна претстава што сакаат да постигнат. Посветени сѐ. Безрезервно веруваат во тоа.

Гледате колку лесно и спонтано изброивме три нешта кои можат да го направат и вашиот Форевер бизнис извонредно искуство. Потребно е само:

1. Дефинирајте ги своите цели – и заедно со тоа да ја искористите секоја можност да ја подигнете летвата. Точно како Маск.
2. Да се посветите на работата, како што направил на времето Ајнштајн.
3. Да верувате – безрезервно да верувате во тоа што го правите. Мислам дека важи и за двајцата – и за Алберт, и за Илон.

Јасно е дека генијалци како нив се уникатни и се раѓаат можеби еднаш на неколку поколенија. Најпосле, никој не бара од нас да измислиме нова теорија на релативност или да го лансираме личниот автомобил во вселената како што направи со насмевка Маск.

Но со нивна помош можеме да разбереме еден многу важен квалитет на лидерите. Веројатно нема да нѝ се налутите ако на Ајнштајн и Маск го додадеме Рекс а и самиот Грег, кого веќе го споменавме.

А клучот пак е во оние три правила – три чекори кои можат да го постават почетокот на вашиот успешен раст во Форевер. Поентата е дека кога ќе ги вложите сите усилби во вашиот бизнис – кога работите и постигнувате успеси, вие станувате инспирација за останатите. Како што кажал и Ајнштајн.

Вашиот успех ја радува вашата околина. Тој станува клучен за вашата екипа. Кога сте добар пример, вие буквално ги повлекувате луѓето под себе кон успехот. И првиот резултат е, дека и вие сами се издигнувате уште едно скалило нагоре.



Токму тоа е големата вештина – големиот талент, ако сакате, на визионерите. Маск е опкружен со илјадници професионалци кои ја прифатиле неговата верба. Иако е автор на бескрајно сложени теории, со неколку зборови, Ајнштајн и денес нѐ воодушевува. А истото е со Рекс и Грег – ќе го почувствувате, ако се задлабочите во нивните зборови.

Еве што ви треба во Форевер – да станете лидер кој ќе го повлече тимот напред. И лидер кој станува сѐ подобар, исто како неговиот тим. Бидете заразни со вашиот успех! Ви рековме колку е лесно – кога ќе ги идентификувате вашите цели, кога ќе се посветите на работата, кога верувате!

Овие три работи се вашиот клуч, вашиот пат кон успехот во Форевер. А луѓето ќе ве следат. Само докажете им дека сте лидерот кој ќе ги доведе до врвот! Исто како ракетата на Маск.

**И не заборавајте дека сме секогаш до вас во ова прекрасно патување кое нѝ претстои!**



Со љубов и секогаш со Вас,
***Стефан и Тања Стаеви***





# НОВ НАЧИН НА ЖИВОТ – МРЕЖНИОТ БИЗНИС

Мрежниот маркетинг им нуди на обичните луѓе достапна можност да создадат и управуваат свој сопствен независен бизнис, без да мора да инвестираат илјадници евра како почетен капитал. Успехот и наградувањето на секој е пропорционално на вложениот труд и постојаноста.

Едно од најсилните оружја на компаниите во мрежната индустрија е компензациониот план. За Форевер не случајно тврдиме дека е најдобрата бизнис можност на светот, бидејќи сме горди на еден од најдарежливите и најправедливи маркетинг планови во мултилевел индустријата и веруваме дека тој е една од нашите најсилни страни.

Неговата основна концепција е дека кога им помагате на другите да го постигнат тоа што го сакаат, вие исто го добивате тоа што го сакате. Бидејќи во Форевер и во мрежниот маркетинг воопшто тимската работа е еден од најважните фактори за успех. Концепцијата е дека не заработувате само од личниот труд, туку и од трудот на целиот ваш тим.

Вие и вашите соработници добивате доходи од препораката и продажбата на нашите одлични производи за здравје и убавина на своите пријатели, блиски и познати преку личен контакт, презентации на производи пред мали групи и со современите можности на интернет. Освен тоа можете да им предложите начин и тие да заработуваат дополнително, кога како вас ќе го споделуваат нивниот ентузијазам од производите со нивните пријатели. Така постепено градите мрежа од луѓе кои ги користат и препорачуваат производите. Колку поактивно раскажувате за најдобрата бизнис можност на светот, толку повеќе соработници ќе имате во тимот. Нивната активност заедно со вашата лична ќе ви помага да се издигнувате во маркетинг планот и да заработувате повеќе. Колку повеќе му помагате на секој од вашиот тим да постигне успех со Форевер, толку поуспешни ќе бидете и вие.

Дури и никогаш да не сте се сметале како човек за бизнис, моделот на Форевер е едноставен и флексибилен. Тој дава шанса на секој што е подготвен здраво да работи и да си изгради сопствен успешен бизнис. Можете да работите колку сакате – многу или малку, во зависност од доходите, кои се надевате да ги генерирате. Немате фиксирано работно време и ако сакате, можете да го движите Форевер бизнисот паралелно со вашата моментална работа – кога ви одговара, да речеме навечер или преку викендите. Многу луѓе кои си создале сопствен бизнис со Форевер, успеваат по една година или малку повеќе да ја остават работата од девет до пет, која не ја сакаат, и целосно да се посветат на мрежниот бизнис кој им носи многу поправедно наградување, слобода и позитивни емоции.

**Една од најзначајните предности на маркетинг планот на Форевер се разновидните можности за доходи.**

- **Добивка од лична продажба**. Кога со ентузијазам го споделувате личното искуство од производите со сите свои блиски и познати, тие стануваат ваши клиенти и продажбата на производи ќе ви носи од 35% до 48% профит во зависност од вашето ниво во маркетинг планот.
- **Добивка и бонус од новус клиенти.** Кога лично спонзорирате новус клиенти, нивните купувања ви носат профит и бонус од 20 до 33%.
- **Личен попуст.** Уште при регистрацијата во Форевер добивате 15% попуст од препорачаните цени за крајни клиенти, а со вашето издигнување по скалилата на бизнис планот, попустот расте и може да достигне до 48%.
- **Бонус од група.** Започнувате да го добивате од ниво Супервизор нагоре. Опсегот е од 3 до 13%.
- **Лидерски бонус од 2 до 6%** на купувањата на СФБ во тимовите на спонзорирани од вас Менаџери. Ве стимулира да им помагате на соработниците да се издигнат до најпосакуваното ниво во маркетинг планот – Менаџер.
- **Forever2Drive (програма за кола).** Со долгорочната програма за стимулирање можете три години да добивате до €800 месечна премија за нова кола, куќа, образование или што и да посакувате.
- **Менаџер „Орел“.** Една од најпрестижните титули за сопственик на Форевер бизнис. Наградата е бесплатно патување за двајца до годишната средба на Менаџерите ОРЕЛ со ексклузивни обуки и многу возбудливо искуство.
- **Глобално рели.** Уште едно одлично патување на трошок на компанијата, за кое можете да се квалификувате. Дестинациите секогаш се многу привлечни – Сингапур, Јоханесбург, Дубаи, Далас.
- **Програма „Chairman’s Bonus“** е многу атрактивна дополнителна програма – годишен глобален бонус кој можете да го добиете како дополнение на вашите месечни доходи. Форевер исплаќа сериозни суми на стотици луѓе – вкупно над 26 милиони долари годишно! Ги добиваат сопствениците на бизнис кои се постојано активни и не престануваат да прават сè што е потребно за успех.
- **Бонус „Скапоцени камења“.** Менаџерите од категорија „Скапоцени камења“ кои исполнуваат одредени услови, имаат уште една можност за доходи – бонус до 3% дополнително на Лидерскиот бонус.




Едноставно нема да најдете друга компанија која нуди толку многу. Сигурни сме дека ако внимателно го разгледате компензациониот план на Форевер, сами ќе ги откриете неговите многубројни предности и ќе се убедите дека бизнис можноста навистина вреди.

Мрежниот маркетинг е бизнисот на иднината, а нашата компанија е меѓу најдобрите во индустријата. Можете да си обезбедите независност, слобода и сосема нов начин на живот!



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ФЕВРУАРИ 2018 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР

**Гелевска Елена**

## СУПЕРВИЗОРИ

1. Аговска Маја
2. Асипи Кефсер
3. Јелиќ Исаиловска Александра
4. Лефковска Марија
5. Мегди Нусран
6. Теовски Бобан

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Аговски Игор – Скопје
2. Андреевски Јордан – Скопје
3. Ангеловски Моника – Куманово
4. Атанасовска Сашка – Скопје
5. Бабунска Ленче – Велес
6. Бајрами Неџрије – Куманово
7. Бочварова Снежана – Велес
8. Божиновска Младеновска Јадранка – Куманово
9. Гошевска Мица -Скопје
10. Димитријевиќ Сунчица – Кочани
11. Димитријевска Стојковска Дафина – Куманово
12. Димовски Љубомир – Скопје
13. Ѓорѓевска Сандра – Куманово
14. Захариева Јулија – Виница
15. Зрнцева Емилија – Скопје
16. Илиев Роберт – Кавадарци
17. Иванова Лорета – Велес
18. Јовиќ Ивана – Скопје
19. Калајџиева Кате – Радовиш
20. Касами Гентијана – Тетово
21. Кирковска Јасмина – Скопје
22. Коцев Роберт – Скопје
23. Крстевски Живко – Скопје
24. Кушински Марко – Куманово
25. Кушински Билјана – Куманово
26. Мифтари Шахини Блерта – Куманово
27. Михова Ружица – Неготино
28. Милановска Сузана – Куманово
29. Милановски Давид – Куманово
30. Милева Елизабета – Кавадарци
31. Милошевски Никола – Куманово
32. Нихији Медине – Куманово
33. Николовска Блашка – Македонска Каменица
34. Николовски Никола – Скопје
35. Орозовиќ Филип – Куманово
36. Османоски Енвер – Струга
37. Партикова Адријана – Скопје
38. Ристова Јадранка – Неготино
39. Ристовска Татјана – Куманово
40. Ристовски Теодора – Велес
41. Салии Хасније – Тетово
42. Србиноска Мирјана – Куманово
43. Строимановски Бобан – Куманово
44. Тодоровска Славица – Скопје
45. Трајковиќ Наташа – Куманово
46. Трајковска Лилјана – Куманово
47. Трајковски Љупчо – Скопје
48. Трендова Невенка – Струмица
49. Тушевска Сузана - Куманово
50. Шијаков Мартин - Струмица

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

# КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Линдита Амити
Узлифет Алили Ахмеди

**Клуб 4 – ниво 3**

Др.Теута и Реџеп Ајети

4 CC Level 1

4 CC Level 3

# ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др. Роза Гелевска | 1. Др. Роза Гелевска |
| 2. Славица Донакова | 2. Елена Гелевска |
| 3. Др. Снежана Контра | 3. Вера Златковска |
| 4. Вера Златковска | 4. Славица Донакова |
| 5. Елена Гелевска | 5. Стевица Димовска |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Жарко Георгиевски |
| 7. Жарко Георгиевски | 7. Сухеда Ибиши |
| 8. Стевица Димовска | 8. Др. Теута Ајети |
| 9. Слафко Михајловски | 9. Слаѓана Маџова |
| 10. Слаѓана Маџова | 10. Надица Петровиќ |

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.